Бр./Nr 12-962/2
27-08-2025 г./v.

Врз основа на член 22 став 1 од Законот за спречување на корупцијата и судирот на интереси („Службен весник на Република Македонија" бр.12/19), член 40 став 2 од Деловникот за работа на Државната комисија за спречување на корупцијата, постапувајќи по пријава поднесена од познат подносител, Државната комисија за спречување на корупцијата (во натамошниот текст ДКСК), на 22-та седница одржана на ден 27.08.2025 година ја донесе следната

## ОДЛУКА

Пријавата заведена под број 12-962/1 од 04.03.2025 година, со наводи за незадоволство од непродолжување на договор на дело за ангажирање на работник за вршење на работи за потребите на ЈЗУ Здравствен Дом во -------------, **СЕ ОТФРЛА.**

ДКСК утврди дека согласно Законот за спречување на корупцијата и судирот на интереси, нема елементи за надлежно постапување во овој предмет, поради тоа што пријавените наводи по однос на продолжување на договор за дело не се во нејзина надлежност.

Предметот со број 12-962/1 од 04.03.2025 година да се затвори и да се архивира.

Одлуката на ДКСК во деперсонализирана форма да се објави на веб страницата на Државната комисија во рок од 5 (пет) дена од донесувањето.

## Образложение

Од познат подносител, на ден 04.03.2025 година до ДКСК доставена е пријава по која е оформен предмет со број 12-962/1, со наводи за незадоволство за непродолжување на договор за дело за вршење на работи за одржување на парни котли за потребите на ЈЗУ Здравствен Дом -----------------, каде бил работно ангажиран десет години, непрекинато.

Подносителот наведува дека од страна на ВД Директорот на ЈЗУ Здравствен Дом -------------- бил известен со Известување со број ------/---- од 02.01.2025 година дека склучениот договор за дело – договор за одржување на парни котли помеѓу него,

ДКСК KSHPK
ДРЖАВНА КОМИСИЈА ЗА СПРЕЧУВАЊЕ НА КОРУПЦИЈАТА
KOMISIONI SHTETËROR PËR PARANDALIMIN E KORRUPSIONIT

како извршител на работа и нарачателот на работата, здравствена установа, склучен на 01.02.2024 година престанува заклучно со 31 декември 2024 година и истиот нема да биде продолжен во 2025 година, од причина што споменатата здравствена установа не обезбедила согласност за ангажирање на работници со договор за дело од Министерство за финансии. Исто така за овој случај, било извршено инспекциски надзор од Државниот инспекторат за труд - Подрачна единица во Крива Паланка, во врска со што било донесено Решение со бр.------- од 27.12.2024 година, во кое било утврдено дека, со оглед на тоа што не е обезбедено согласност од Министерството за финансии за ангажирање на работници со договор на дело, не може да се заснови работен однос помеѓу лицето ------------ и ЈЗУ Здравствен Дом ------------------.

Подносителот наведува дека со договор на дело за вршење на работи поврзани со одржување на парни котли во ЈЗУ Здравствен Дом ------------ бил работно ангажиран континуирано десет години во споменатата здравствена установа, почувајќи од 01.01.2015 заклучно со 31.12.2024 година. Незадоволен од ваквото известување, подносителот доставил приговор до споменатата здравствена установа наведувајќи дека очекувал, неговиот договор за дело ќе биде трансформиран во работен однос на неопределено време согласно Законот за трансформација во редовен работен однос.

По разгледување на содржината на пријавата, ДКСК утврди дека согласно Законот за спречување на корупцијата и судирот на интереси, нема елементи за надлежно постапување во овој предмет, поради тоа што пријавените наводи по однос на продолжување на договор за дело не се во нејзина надлежност.

Имајќи го предвид горенаведеното, ДКСК одлучи како во диспозитивот на оваа Одлука.

**Заменик претседател**

**М-р Цвета Ристовска**

Изготвил: м-р Ф.Ј., советник
Контреолирал: Ј.Ц., раководител на одделение
Согласен: м-р И.П. раководител на сектор
Одобрил: Б.Ц., Член на ДКСК

Адреса: ул. Пресвета Богородица број 3, 1000 Скопје - Република Северна Македонија
Adresa: rr. Presveta Bogorodica nr.3, 1000 Shkup - Republika e Maqedonisë së Veriut
email: contact@dksk.org.mk
тел/tel: +389 2 3248 930
https://www.dksk.mk